Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

ИП1 бр. 29-240
Дата: 09.03.2026 година

[redacted]

Државниот инспекторат за животна средина преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022, кој го донесува инспекцискиот акт врз основа на член 117 став 1 точка 8), 23) и 58) од Законот за управување со отпадот (Службен весник на РСМ бр. 216/21, 03/25) и член 200 став 1 точка 9 од Законот за животната средина (Службен весник на РМ бр. 53/05, 81/05, 24/07, 159/08, 48/10, 124/10, 51/11, 123/12, 93/13, 187/13, 129/15, 192/15, 39/16, 99/18, Службен весник на РСМ бр. 89/22, 171/22, 03/25, 124/25), во врска со извршениот вонреден инспекциски надзор над работењето на субјектот на надзор Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. АСНОМ бр. 10 Велес, со ЕМБС 4135083, ЕДБ 4004990105900, одговорно лице Охридиа Јовева-управител, со адреса на живеење на ул. Христо Татарчев бр. 6/2 Велес, ЕМБГ 1806973485022, а врз основа на фактичката состојба утврдена со Записник бр. 29-240 од 03.03.2026г. го донесе следното:

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. **СЕ ЗАБРАНУВА** на Друштвото за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. АСНОМ бр. 10 Велес:
   - складирање на опасен и неопасен отпад на локација ул. АСНОМ бр. 10 Велес, кој не е создаден од дејноста која ја врши субјектот на надзор на оваа локација.
   Рок: веднаш од денот на приемот на решението.

2. **СЕ НАРЕДУВА на** Друштвото за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште на ул. АСНОМ бр. 10 Велес да ги отстрани недостатоците утврдени во Записник бр. 29-240 од 03.03.2026г. и тоа:

2.1 Да изврши генерално чистење на целиот простор од отпад одвојувајќи го опасниот од неопасниот отпад и на начин со кој ќе се оневозможи просторот да предизвикува нагрдување и неуреденост во урбаната средина.
Рок: 15 (петнаесет) дена од приемот на решението.

2.2 Да изврши отстранување на опасниот отпад од азбестцементни табли кои се складирани во дворот на објектот каде се врши дејноста и да ги предаде на локацијата за складирање, третман и/или преработка на азбест цемент-депонија Дрисла Скопје, а за спроведената мерка да ја обезбеди потребната документација.
Рок: 10 (десет) дена од приемот на решението.

[redacted]

2.3 Да изврши предавање на отпадниот метал на овластен постапувач со дозвола за управување со отпадот, а градежниот шут на локација за депонирање определена од општината, а за спроведената мерка да ја обезбеди потребната документација.
Рок: 15 (петнаеесет) дена по приемот на решението.

2.4 Да изработи Елаборат за заштита на животната средина за вршење на дејноста: Складирање на градежни материјали (песок, чакал, вар, тули и слично) што се врши како стопанска дејност на локација ул. АСНОМ бр. 10 Велес, во пропишана форма и содржина, во кој ќе ги утврди: влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии, како и да го достави на одобрување до градоначалникот на општината како надлежен орган.
Рок: 90 (девеесет) дена по приемот на решението.

**3.** Субектот на инспекциски надзор од точките 1. и 2. на диспозитивот на овој инспекциски акт, е должен веднаш по истекот на најдолгиот рок определен за извршување на инспекциската мерка, а најдоцна во рок од три дена по истекот на истата писмено и/или по електронска пошта, да го извести инспекторот дали е извршена инспекциската мерка.

**4.** Жалбата изјавена против овој инспекциски акт, не го одлага неговото извршување.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

Државниот инспекторат за животна средина, врз основа на член 24 од Законот за животната средина и член 37 и 51 од Законот за управување со отпадот, преку ДИЖС Билјана Шуркова-Манаскова, со службена легитимација број 06-0022 изврши вонреден инспекциски надзор над Друштво за вработување на инвалидни лица за трговија на големо и мало ТРГОШПЕД ДООЕЛ увоз-извоз Велес, со седиште

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

на ул. АСНОМ бр. 10 Велес и состави Записник бр. 29-240 од 03.03.2026г., во кој е констатирано дека:

Субјектот на надзор на предметната локација ул. АСНОМ бр. 10 Велес врши дејност-Складирање на градежни материјали.

При надзорот се констатира дека во дворната површина на складиштето има складирано стари азбестцементни брановидни табли околу 8м3, наредени една врз друга, а кои потекнуваат од замена на кровна конструкција на друг објект во сопственост. Дел од азбестцементните табли се искршени и измешани со куп од складиран градежен шут од 40 м3, кој долго време е на локацијата. На локацијата е складиран и метален отпад. Складиштето за градежни материјали се наоѓа во урбаната зона и граничи со улицата Васа Кошулчева на која од спротивната страна живеат луѓе во објекти за индивидуално домување.

Согласно Листата на видови отпад, производи од азбестцемент – плочи од голем формат, рамни или брановидни е отпад со шифра 17 06 05* - градежни материјали што содржат азбест (опасен отпад).

Складирањето на овој отпад на локацијата се врши на незаконски начин (складирање на отворено, растурање и мешање со друг вид на отпад, отпад кој е неспакуван, необележан со ознака за опасен отпад), што е спротивно на Правилникот за начинот на постапување со отпад од азбест и со отпад од производи кои содржат азбест (Службен весник на РМ бр. 89/06). Со ваквото непостапување се овозможува оптоварување на животната средина заради емисии од азбест, во урбана средина во која живеат луѓе.

Со ова е извршено постапување со опасниот отпад без должно внимание и на начин несоодветен со прописите, спротивно на член 51 став 2 од Законот за управување со отпадот.

При надзорот над локацијата каде се спроведуваат горенаведените дејности/активности се констатира дека во границите на локацијата се складираат видови отпад кои не потекнуваат од вршењето на сопствената дејност/активност.

Согласно член 41 од Законот за управување со отпадот: Отпадот се складира на места кои се технички опремени за привремено складирање на отпадот, на локации на создавачот на отпадот, во местата за собирање, претоварни станици и други локации за собирање во согласност со овој закон.

Ваквото управување со отпадот, спротивно на прописите се должи и на фактот што субјектот на надзор за влијанијата врз животната средина од вршењето на дејноста - Складирање на градежни материјали (песок, чакал, вар, тули и слично) што се врши како стопанска дејност, нема изработено/не поседува Елаборат за заштита на животната средина кој е одобрен од Надлежен орган –

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

градоначалникот на општината, а на предметната локација ја врши дејноста од 1995г.

Дејноста и активноста која се извршува припаѓа во Прилог-2 Глава II, точка 1. Складирање на градежни материјали (песок, чакал, вар, тули и слично) што се врши како стопанска дејност од Уредбата за дејностите и активностите за кои задолжително се изработува елаборат, а за чие одобрување е надлежен градоначлникот на општината (Службен весник на РМ бр. 80/09, 32/12). Согласно член 24 став 6 од Законот за животната средина субјектот на надзор е должен да изработи Елаборат за заштита на животната средина во кој ќе ги утврди: - влијанијата врз животната средина во оперативната фаза, односно при вршењето на дејноста, - усогласеноста на своето работење со пропишаните стандарди за квалитет на животната средина и пропишаните гранични вредности на емисии. Содржината на Елаборатот е пропишана во Правилникот за формата и содржината на елаборатот за заштита на животната средина согласно со видовите на дејностите или активностите за кои се изработува елаборат, како и согласно со вршителите на дејноста и обемот на дејностите и активностите кои ги вршат правните и физичките лица, постапката за нивно одобрување, како и начинот на водење на регистерот за одобрени елаборати (Службен весник на РМ бр. 44/13, 111/14).

При инспекцискиот надзор се констатирани следните неправилности и недостатоци од работењето на субјектот на инспекцискиот надзор:

- врши загрозување на животната средина, животот и здравјето на луѓето складирајќи опасен отпад на места што не се определени за таа намена, што не е во согласост со член 51 од Законот за управување со отпадот,

- врши неуреденост на објектите и просторот во урбаните зони од управување со отпадот без должно внимание и на начин спротивен на член 37 став 1 од Законот за управување со отпадот,

- нема изработено Елаборат за заштита на животната средина за вршењето на дејноста Складирање на градежни материјали, што не е во согласност со член 24 од Законот за животната средина.

Согласно член 70 став (2) од Законот за инспекциски надзор, жалбата против овој инспекциски акт не го одлага неговото извршување.

Врз основа на изнесеното се одлучи како во диспозитивот на овој инспекциски акт.

[redacted]

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243

Република Северна Македонија
МИНИСТЕРСТВО ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРОСТОРНО ПЛАНИРАЊЕ
Државен инспекторат за животна средина

Republika e Maqedonisë së Veriut
Ministria e mjedisit jetësor
Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor

[redacted]

**ПРАВНА ПОУКА:** Против овој инспекциски акт незадоволната странка може да изјави жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка, постапка во работен однос и инспекциски надзор во втор степен, во рок од 15 (петнаесет) дена од приемот на истиот.

За жалбата се плаќа административна такса од 250,00 (двеста и педесет) денари на: Назив на примачот: Трезорска сметка, Банка на примачот: Народна банка на Република Северна Македонија, жиро сметка: 100000000063095, Уплатна сметка: 840-111-03182, Приходна шифра: 722 315 00, Цел на дознака: Административна такси.

ДРЖАВЕН ИНСПЕКТОР
ЗА ЖИВОТНА СРЕДИНА
Билјана Шуркова-Манаскова

Доставено до:
- Архива
- Субјектот на надзор

Државен Инспекторат за животна средина
Ул."Бихаќка" бр.2
1000 Скопје
(Палата Емануел Чучков)
Република Северна Македонија
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
Мобилен: +389 70 286 698

**Inspektorati Shtetëror i mjedisit jetësor**
Rr."Bihakjka " nr.2
1000 Shkup
(Pallati Emanuel Çuçkov)
Republika e Maqedonisë së Veriut
E-mail: info@sei.gov.mk
www.sei.gov.mk
GSM: +389 70 286 698

Канцеларија Велес
П.фах 67
Е-пошта: b.s-manaskova@sei.gov.mk
Тел. 071/397-243